# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

# Дирекција за безбедност на класифицирани информации

## Историјат

- 1996 - Безбедносен договор за размена на информации меѓу РМ и НАТО
- 1996 – МО – Канцеларија за реципрочна безбедност за заштита на информации разменети меѓу РМ и НАТО
- 2002 - НБА во НАТО контекст (Стручна служба на Влада) – Уредба на Влада
- 2004 – Дирекција за безбедност на класифицирани информации како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице (Закон за класифицирани информации)

# Дирекција за безбедност на класифицирани информации

## Законски надлежности

- Обезбедува континуирано спроведување на меѓународните стандарди и нормативи во преземањето на мерките и активностите за заштита на класифицираните информации;
- Врши координација на активностите во обезбедувањето заштита на класифицираните информации со државните органи и институциите кои вршат размена на класифицирани информации со странски држави и меѓународни организации;

# Дирекција за безбедност на класифицирани информации

- Ги подготвува, организира, спроведува и го следи спроведувањето на мерките и активностите за обезбедување заштита на класифицирани информации кои на Република Македонија ѝ се отстапени на користење од странски држави и меѓународни организации;
- Презема активности за заштита на класифицирани информации отстапени од Република Македонија на странски држави и меѓународни организации;

# Дирекција за безбедност на класифицирани информации

- Учествува во изготвување на планови и програми на Република Македонија за членство во меѓународни организации од областа за обезбедување заштита на класифицираните информации;
- Планира и остварува меѓународна соработка за заштита и размена на класифицирани информации;
- Предлага мерки за унапредување на заштитата на класифицирани информации;

# Дирекција за безбедност на класифицирани информации

- Покренува иницијативи за склучување меѓународни договори со странски држави и меѓународни организации од областа на размената на класифицирани информации;
- Покренува иницијативи за донесување на безбедносни планови за заштита на класифицирани информации во вонредни состојби;
- Ги обучува корисниците на класифицираните информации, како и заинтересираните органи, организации и поединци во Република Македонија .

# АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ

- Воспоставување на единствени стандарди за административна безбедност на класифицираните информации на територијата на Република Македонија
- Усогласеност на стандардите и мерките за административна безбедност на класифицираните информации со стандардите и мерките на НАТО и ЕУ
- Еднаков третман и заштита на класифицираните информации на Република Македонија и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Републиката

# АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ

- Степени на класификација на информациите (промени во досегашното определување на заштитата на информациите)
- Лица овластени за класификација на информациите со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА"
- Воспоставување на еднаквост во обележувањето на класифицираните информации

# АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ

- Организациони единици во министерствата, другите органи на државната управа и други државни органи овластени за ракување  со класифицирани информации

- Ракување, чување и контрола на класифицирани информации (безбедносни мерки за заштита на информациите класифицирани со степенот ,,ДРЖАВНА ТАЈНА” )

- Репродукции, преводи и извадоци од класифицирани информации

# АДМИНИСТРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ

- Критериуми за распоредување и распространување на класифицирани информации (Принципот ,,потребно е да знае”)
- Пренос на класифицирани информации ( видови и начини на пренос; субјекти овластени за пренос; посебни мерки при користење на странски информации класифицирани со степените,, ДРЖАВНА ТАЈНА “ и ,,СТРОГО ДОВЕРЛИВО” од други органи со седиште во истото место)
- Отстранување и уништување на класифицирани информации

# ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

- Процедури и мерки при нарушување на безбедноста на класифицираните информации
- Видови и содржина на извештаите за нарушување на безбедноста на класифицираните информации
- Конечност на одлуката донесена по повод нарушување на безбедноста на класифицираните информации

# ФИЗИЧКА  БЕЗБЕДНОСТ

- Безедносен појас
- Административна зона
- Безбедносна зона од втор степен
- Безбедносна зона од прв степен

# ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

- Безбедносни мерки:

  -безбедносна ограда

  -безбедносно осветлување

  -систем за откривање недозволено физичко присуство

  -контрола на пристап

  -чувари/чуварска служба

  -интерен безбедносен ситем за видео надзор

  -контрола на влез/излез

  -контрола на посетители

  -одобрена опрема

# ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

- Безбедносни мерки за чување на класифицирани информации со различен степен на класификација
- Мерки за физичка заштита на отворени простори во кои се чуваат класифицирани информации
- Мерки за физичка безбедност на информациско-комуникациски уреди и други средства
- Мерки за физичка безбедност против видео/аудио набљудување/прислушување
- Мерки за физичка безбедност за уништување на класифицирани информации

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- **Мерки и активности за безбедност на лица**
  - определување на овластени лица за работа и постапување со класифицирани информации;
  - одговорно постапување со класифицирани информации;
  - безбедносна проверка;
  - издавање на безбедносен сертификат;
  - издавање на дозвола за пристап до класифицирани информации и
  - проверка и оценување на способноста за постапување со класифицирани информации .

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- Корисник на класифицирана информација е државен орган или друго правно или физичко лице во Република Македонија кое има безбедносен сертификат или странски државен орган или друго странско правно или физичко лице кое има безбедносен сертификат на матичната држава и дозвола за пристап до класифицирани информации издадена од Дирекцијата.
- Безбедносен сертификат за користење на класифицирани информации издава директорот на Дирекцијата по претходно спроведената постапка според одредбите на Законот за класифицирани информации.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- Безбедносен сертификат се издава на физичко лице кое ги исполнува следните услови:
  - да е државјанин на Република Македонија;
  - да постои оправдана потреба за користење на класифицирани информации согласно принципот “потребно е да знае”;
  - да не постојат околности што го ограничуваат пристапот до класифицирани информации;
  - физичкото лице да има деловна способност;

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- лицето да наполнило 18 години, а за користење на класифицирани информации означени со степен “државна тајна” да наполнило 21 година;
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да е здравствено способно;
- да има потпишано писмена изјава дека совесно и одговорно ќе ги користи класифицираните информации;

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- активностите на лицето да не укажуваат на постоење на безбедносен ризик за користење на класифицираните информации

и

- да биде запознат со прописите кои се однесуваат на работата со класифицирани информации што се утврдува во разговор со кандидатот од страна на овластено лице пред издавањето на безбедносниот сертификат .

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- Во зависност од степенот на класифицираната информација за која е поднесено барање за издавање безбедносен сертификат, се врши безбедносна проверка соодветна на степенот на класифицираната информација и тоа:
  - од прв степен за информација класифицирана “доверливо”;
  - од втор степен за информација класифицирана “строго доверливо” и
  - од трет степен за информација класифицирана “државна тајна”.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- За користење на класифицирани информации означени со степенот “интерно” не се врши безбедносна проверка .

Физичкото лице се информира за обврската за заштита на класифицираните информации што му се дадени на увид, односно користење .

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- На барање на Дирекцијата оперативните безбедносни проверки ги вршат :
  - надлежните служби на Министерството за одбрана за воените и цивилните лица на служба во Армијата на Република Македонија и
  - надлежните служби на Министерството за внатрешни работи за сите останати лица.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- Постапката за спроведување на безбедносна проверка трае најмногу до :
  - еден месец за безбедносната проверка од прв степен;
  - три месеци за безбедносната проверка од втор степен и
  - шест месеци за безбедносната проверка од трет степен .

Во посложени случаи или поради вонредни околности роковите за постапката може да бидат двојно продолжени.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- Ако се утврди дека лицето не постапува со класифицираните информации согласно овој закон или повеќе не е исполнет некој од условите врз основа на кои е издаден безбедносниот сертификат, директорот на Дирекцијата донесува решение за престанок на важење на безбедносниот сертификат и пред истекот на неговата важност.
- Во решението наведено погоре не се дава образложение за причините за престанокот на важноста на безбедносниот сертификат .

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

## Безбедносна дозвола за пристап до класифицирани информации

- На странско правно или физичко лице Дирекцијата ќе му издаде дозвола за пристап до класифицирани информации со која се потврдува дека лицето има безбедносен сертификат и има право на пристап и користење на класифицирани информации во Република Македонија.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ЛИЦА

- **Дозволата за пристап до класифицирани информации престанува да важи:**
  - со истекот на рокот на важноста наведен во дозволата;
  - со извршување на задачата за која била издадена;
  - ако не е поднесено ново барање за продолжување на важноста на дозволата пред истекот на рокот на нејзината важност и
  - ако потребата од издавањето на дозволата престанала да постои или е изменета .

# ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ



# МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

- Мерки и активности за информатичка безбедност:
  - сертификација на комуникациско-информатички системи (КИС) и процеси;
  - проценка на можно нарушување на безбедноста на КИС;
  - утврдување на методи и безбедносни процедури за прием, обработка, пренос, чување и архивирање на класифицирани информации во електронска форма;

# МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

- заштита на информациите при процесирање и чување во КИС ;
- дистрибуција на крипто клучеви и друг крипто материјал ;
- криптографска заштита на КИС ;
- определување на зони и простории заштитени од компромитирачко електромагнетно зрачење и
- инсталирање на уреди за чување на класи-фицирани информации.

# БЕЗБЕДНОСНА АКРЕДИТАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИСКО-ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ

- За обезбедување на доверливост, интегритет и достапност на класифицираните информации во КИС се спроведува процес на безбедносна акредитација.
  - Акредитација
  - Сертификација
  - Евалуација

# МЕНАЏМЕНТ СО ИНФОРМАТИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ

За менаџмент со информатичката безбедност во органите на државната власт одговорни се организациони единици и самостојни извршители за:

- планирање и развој на КИС;
- оперативна работа со КИС;
- овластено лице за безбедност на класифицирани информации;
- администратори на безбедноста на КИС;
- оператори на терминали на КИС.

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНФОРМАТИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

- Како дополнување на Уредбата за информатичка безбедност припремени се и следните упатства:
  - Упатство за безбедносна акредитација на КИС ;
  - Упатство за проценка на безбедносниот ризик ;
  - Упатство за проценка на безбедносните потреби;
  - Упатство за безбедност при работа со КИС.

# АКТИВНОСТИ ЗА КРИПТОГРАФСКА БЕЗБЕДНОСТ НА КИС

- КИС за класифицирани информации со степен “Интерно” и повисоко ќе се штитат и со мерки за криптографска заштита.
  - Дистрибуција на крипрографски клучеви за меѓународна размена на класифицирани информации;
  - Криптографска заштита на националните класифицирани информации согласно Уредбата за крипто заштита.

# ЕМИСИОНА БЕЗБЕДНОСТ НА КИС

- КИС за класифицирани информации со степен “Доверливо” и повисоко ќе се штитат и со мерки за противемисиона заштита т.е. ТЕМПЕСТ.
  - со набавка на средства кои поседувват ТЕМПЕСТ;
  - со користење на услуги за мерење на елекртонското зрачење (зонирање);
  - Инсталирање на средства и системи во согласност со процедурите одобрени од Дирекцијата во процесот на безбедносна акредитација.

# ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

**Мерки и активности за индустриска безбедност**

- **заштита на класифицирани информации во индустриски договори;**
- **издавање на сертификати на правни и физички лица во областа на индустријата;**
- **заштита на класифицирани информации во мешовити трговски друштва со странски правни и физички лица;**
- **обезбедување заштита при транспорт на класифицирани материјали и**
- **меѓународни посети на објекти и индустриски друштва.**

# ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Безбедносен сертификат се издава на правно лице кое ги исполнува следните услови:

- да има обезбедено услови за физичка, административна и информатичка безбедност и безбедносни сертификати за лица;
- да е финансиски и економски стабилно, и
- да не постои безбедносен ризик за користење на класифицираните информации.

# ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Правното лице за докажување на пропишаните услови ги доставува следните документи:

- извод од регистрацијата на дејноста;
- документ за бонитет;
- доказ дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
- доказ дека не му е изречена мерка на безбедност – забрана на вршење на дејност и
- потврда  за платени даноци, придонеси и други јавни давачки.

# ИНДУСТРИСКА БЕЗБЕДНОСТ

Се смета дека постои безбедносен ризик ако:

- Активностите на правното и на негови овластени лица се спротивни на интересите на Р.Македонија
- има врски со странски правни и физички лица кои можат да и наштетат на надворешната политика или на безбедноста на државата.